


КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО 20

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

## ОКТОМВРИ 2025

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ФИНАНСИСКИ ДВИЖЕЊА

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Светските берзи продолжија со својот растечки тренд и во текот на октомври, поттикнати од намалувањето на трговските тензии по постигнатиот договор меѓу САД и Кина, како и од објавените корпоративни финансиски резултати кои во најголем дел прикажаа позитивни перформанси. Глобалниот индекс MSCI ACWI во септември забележа раст од 2,18%, продолжувајќи го позитивниот тренд што го следеа и останатите регионални берзански индекси. Најголем принос повторно оствари MSCI Emerging Markets индексот, кој ги опфаќа компаниите од брзорастечките економии, со раст од 4,12% во текот на месецот и импресивни 30,32% од почетокот на годината. Сите останати индекси исто така бележат високи приноси од почетокот на 2025 година, што укажува на стабилен глобален раст. Важно е да се истакне и значајното влијание што го има движењето на девизниот курс USD/EUR врз приносите на домашните инвеститори (со исклучок на европските акции), што може јасно да се забележи на последниот графички приказ за девизниот пазар.




MSCI Asia – Pacific – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија – Пацифик
MSCI Emerging Market – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
STOXX 600 – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави

*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ



Во октомври, вредноста на МБИ 10 индексот забележа намалување за 0,47%, но задржувајќи го позитивниот принос следено од почетокот на годината. Од поединечните акции кои ја сочинуваат неговата структура, Македонски Телеком и Реплек остварија позначителен месечен раст со 4,55% и 3,99%, соодветно. Од почетокот на годината, значително се издвојуваат Макпетрол со принос од 25,45%, Македонијатурист со 20,71% и Македонски Телеком со 15,00%. На другата страна, Гранит забележа месечен пад од 5,96%, а по него следи ТТК Банка со –2,42% која бележи и најслаб перформанс во оваа година со пад од 17,44%.




*Извор: Блумберг*

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Октомври беше позитивен месец и за пазарот на државни обврзници, каде приносите во поголемите економии забележаа намалување, предводено од подобрите макроекономски податоци, намалувањето на каматните стапки од страна на ФЕД и стабилната побарувачка за овој тип на финансиски инструмент. Чувствителноста на пазарите кон макроекономските и геополитичките сигнали сепак, останува присутна. На крајот од месецот, највисок принос од анализираните обврзници има британската обврзница кој изнесува 4,41%, додека најмала стапка на принос има швајцарската обврзница, кој изнесува 0,13%.



**Движење на стапки на принос на десетгодишни државни обврзници**
*** Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање 03.10.2028.**




*Извор: Блумберг*

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**
www.kbprvo.com.mk

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ



Во октомври, девизниот пазар покажа умерени месечни придвижувања, при што американскиот долар и кинескиот јуан по долго време покажаа одредено зајакнување во однос на еврото, додека јенот оствари пад. Руската рубља се издвои со поизразен месечен раст од 4,85%, но и најголем раст споредено со еврото од 27,06% во досегашниот тек од 2025 година. Разликите во каматните стапки и очекувањата за идните потези на централните банки остануваат клучен двигател на курсевите, при што насоката во следниот период ќе ја одредуваат инфлациските и пазарните податоци и сигналите од ФЕД, ЕЦБ и другите централни банки.

## Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)




*Извор: Блумберг*

**ИДНИНАТА, ДЕНЕС!**

www.kbprvo.com.mk

Лектор: Каролина Накова

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk